MACEDONIA
# Македонија
NEWSPAPER

October 05, 2023 ■ Volume 41, Issue 10(460) ■ Free www.macedonianewspaper.com



Македонија

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на "Македонија" излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски заклучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.



Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на "Македонија" е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит,*
***<u>Соња Лозановска</u>***
***главен и одговорен уредник.***

***Технично уредување и дизајн Соња Лозановска***

<u>Our address:</u>
**Macedonia**
**1840 Bloor Street, Suite 711**
**Mississauga, ON**
**L4X 1T2**
*<u>Tel. :416-827-0954</u>*
macedonia.canada@yahoo.com
Published by
901039 Ontario Limited

# Македонија

## Месечен весник на Македонците во Канада и САД

### Почитувани читатели,

**Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без Вашата поддршка и помош.**
**Затоа Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот Македонија.**
**Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до Вашиот дом или работно место.**
**Ви благодариме.**
**За информации контактирајте не' на:**

**Cell: 416-827-0954**
**E-mail macedonia.canada@yahoo.com**
**http://www.macedonianewspaper.com/**
**<u>Macedonia</u>**
**1840 Bloor st. Suite 711**
**Mississauga, On.**
**L4X 1T2 Canada**



**Честит 11-ти Октомври, Денот на Востанието на Македонскиот Народ за ослободување од фашизмот!**

### <u>Голема благодарност до нашите соработници:</u>

***<u>Танас Јовановски</u>***
<u>- поранешен уредник на весникот ,,Македонија", колумнист</u>
***Протаставрофор Илија Донев -*** *соработник за верата*
***Никола Петковски*** - креатор на крстозборот за весникот Македонија
***Зоран Андоновски*** – соработник
***Ташко Кубановски*** - за рубриката ,,Афоризми"(Постхумно)
***Зоран Карапанчев*** - фотограф, соработник
***Боне Темелков -*** *СМК-Канада*

Специјални Дописници:
За Македонците од Албанија известува
***Никола Ѓурѓај***
Од Пиринска Македонија за весникот Македонија:
***Стојко Стојков***
***Блага Дафовска*** *во рубриката ,,Поезија со повод,,*
***Славе Катин -*** *соработник публицист*
Колумнисти:
***Горнан Јовановски***
***Диме Костов***
***Каролина Ристеска***

## <u>NEWSPAPER Macedonia AVAILABLE AT THESE LOCATIONS</u>

**The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"**
76 Overlea Blvd. - Toronto, Ontario - M4H 1C5
Phone: 416-421-7451;

**St Ilija Macedonian Orthodox Church**
1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON
(905) 821-8050

**St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church**
201 Main St N, Markham, ON
(905) 471-5555

**St Nedela Macedonian Orthodox Church**
485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7
(905) 426-5355

**St. Nicholas Macedonian Orthodox Church**
5225 Howard Ave, Windsor, ON N9A 6Z6
(519) 966-6257

**St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church**
1150 Stone Church Rd E, Hamilton, ON L8W
(905) 387-0111

**CANADIAN MACEDONIAN PLACE**
850 O'Connor Drive, Toronto, Ontario, Canada M4B 3L6
Tel: 416.755.9231

**"California Pub & Grill"**
914 Pape Avenue
Toronto, ON M4K 3V2
East York

**Canadiana Flowers**
3087 Kingston Road
(416) 265-6867

**Stari Grad**
3862 Bloor St W, Toronto, ON M9B 1K9
starigrad.ca
(416) 916-2075

**Markland Wood Pharmacy**
4335 Bloor St W, Etobicoke, ON M9C 2A5

**Old Mill Pastry Mississauga**
385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7

**Pastries Delicatessen**
290 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1C6

**Sarajevo Grill & Meat**
225 The East Mall, Etobicoke, ON M9B 6J1

**Royal Meats**
3635 Cawthra Rd, Mississauga, ON L5A 2Y5
(905) 279-3261

**Mrakovic Meat & Deli**
44 Wellesworth Dr, Etobicoke, ON M9C 4R1

# СВЕЧЕНОСТИ ВО ЦРКВАТА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО ЧЕСТ НА ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

## МЛАДО ЈАВОР ДРВО БЕШЕ ЗАСАДЕНО ВО ЦРКОВНИОТ ДВОР ПО ШТО СЛЕДУВАШЕ СВЕЧЕН КОКТЕЛ





По повод денот на Независноста на Република Македонија 8-ми Септември во Македонската Православна Црква Свети Климент Охридски се одржаа повеќе свечености и почести. Најнапред во текот на денот, во црковниот двор беше засадено јавор дрво, чин на кој што присуствуваше ракодството





на црквата и повеќемина парохијани.

-Како што можеби видовте, претходно во август се збогувавме со едно од нашите огромни јаворови на ќошот на Вилијам Морган и бул. Оверлеа. Во чест На денотот на независноста на Република Македонија, Управата на Свети Климент одлучи на негово место да засади нов јавор. За нас овој чин симболизира 3 работи.

1. Одбележување на денот на независноста.
2. Повторното раѓање на нашето дрво.
3. Наследството на "нови почетоци" што нашата управа толку напорно работи да го остави зад себе.





Да ни е жива Македонија и да ни е живо и нашето дрво.

По садењето на дрвото пред црквата, Свети Климент ја одржа традиционалната коктел забава во чест на Денот на Независноста. Им благодариме на сите што беа присутни да ја обележат оваа пригода.



After our tree planting ceremony, St. Clement hosted their traditional Independence Day cocktail party. Thank you to all who came to mark the occasion.







September 8th, 2023

As you may have seen, earlier in August we said goodbye to one of our massive Maple trees at the corner of William Morgan Dr and Overlea Blvd. In honour of Macedonian Independence Day, the Board of St. Clement decided to plant a new maple in its place. For us, this act symbolizes 3 things.

1. Commemoration of Macedonian independence.
2. The rebirth of our tree.
3. The legacy of new beginnings that our Board is working so hard to leave behind.

Long live Macedonia and long live our new tree as well.






## BOOK YOUR EVENT NOW!

Need a banquet hall for your wedding, baby shower or other event?
In addition to the beautiful church we have built, St. Clement of Ohrid also has three banquet halls available to church members. Whether your function is a wedding, a christening, or a bridal shower, St. Clement's banquet halls can accommodate you. Our table arrangements can accommodate groups as small as 50, all the way up to 500 guests seated comfortably. Our full kitchen and very capable staff has wide variety of foods that can be prepared and served in top quality fashion.

**Contact Info**

**Address:76 Overlea Blvd, Toronto, ONM4H 1C5**

**•Email:info@stclementofohrid.com**

**Phone:+1 416-421-7451**



**The Executive and Board of Directors of St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral would like to thank the following companies and individuals for their donation
s in support of the banquet in honour of the Archbishop of Ohrid and Macedonia,
His Beatitude Stefan.**

**COSTCO**
**J & T Carpets**
**Mega City Linens**
**N'Dezine Floral**
**Old Mill Bakery**
**Summer Fresh Salads**
**Triple A Cheese**
**Westport Meats**
**Capitol Electric – Slave Dimitrov**
**MAK General Contracting**
**St. Clement Executive and Board for their Donations**

**We would also like to thank the staff at St. Clement for organizing such a wonderful event. Thank you to our Diocese Delegate Mitko Rostankovski for his support as a liaison during Archbsihop Stefan's visit.**

**The Executive and Board of Directors of St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral would like to thank all anonymous families that have donated to the church to upgrade the facility and purchase religious artifacts, including the following.**

**LED light replacement in Hall B**

**-Repair, seal and shine of the outside front entrance stairs**
**-Replacement of the red runner carpet in the church**
**-Donation of a new silver sensor for our church**
**-Donation of a new silver chalice and the paten for our church**

**Thank you for your support of St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral.**

**Our Family Day English Liturgy and lunch is starting again. Any families that would like to sponsor a Family Day Lunch after Sunday service please contact Ana at the church (416) 421-7451.**



# Неделно училиште по македонски јазик во црквата Св. Климент Охридски од Торонто



Почитувани читатели!
Невообичаено брзо поминат месец исполнет со прекрасни спомени од летото.
Вредните ученици од Неделното училиште пишуваа и твореа за топлото и незаборавно лето 2023год. исполнето со необични случки, доживувања и нови другарувања.

### Мојот летен распуст

Јас летниот распуст го поминав во Македонија со моите родители и брат ми.Ние престојувавме во куќата на баба ми Роза и дедо ми Благоја.Таму секој ден одевме на плажа на Охридското езеро.Исто така бевме и во Грција на островот Лефкада и градот Каламатци на кракот Ситоија.
Секој ден уживав во убава македонска храна а најомилени ми беа пица, хамбургер и гиро.
Таму си играв цело време со мојот братучед Благојче а вујна ми Светле ни купи маче кое го викавме Алекс.
Јас повторно би сакал да одам во Македонија и да го поминам мојот летен распуст таму.
Кристијан Грмаскоски

**Нигде на светот под вишно небо,под златен сончев сјај, толку убава земја немакако мојот роден крај!**

И навистина, нема ништо поубаво од убавините на нашата сакана татковина. Татковина на нашите татковци, дедовци, прадедовци.
Го обработивме текстот Мојата татковина и разговаравме за истиот.
Каде се наоѓа Р.Македонија?
Кои се нејзините соседи?
Каде се родени нашите родители?
Кои градови ги знаеш во Македонија?
и други слични прашања.
Прекрасно беше чувството да се зборува и пишува за нашата татковина.

### Нашата татковина

Татковина, колку гордо тоа звучи!
Јас живеам во Канада,но мојата татковина се вика Македонија.
Македонија е топло сонце што не грее, исто како што е и нејзиното знаме.
Во мојата татковина имам се: роднини, пријатели,топол дом.Таму ми се наоѓаат моите баби и дедовци. Со нив се шетавме, игравме, учевме, пеевме,со нив порараснавме.Кога ќе се сретнам повторно можеби тие ќе се остарени па не ќе можат да се забавуваат како некогаш - не знам.
Таму е моето училиште "Кочо Рацин", како и моите другарчиња и мојата учителка Марија која што ме научи да читам и пишувам на мојот мајчин јазик.Тоа е моето второ семејство што никогаш нема да го заборавам.
Во мојата татковина ми остана да се потсетувам на моето убаво детство и едвај чекам да се вратам во таа земја моја,да ги видам сите што ги сакам и да продолжиме таму каде што застанавме.
Ангелина Тодоровска

### Нашата татковина

Нашата татковина се вика Република Македонија.Се наоѓа на Балканскиот полуостров.
Моите родители и мојата сестра се родени таму и живееја одреден период пред да дојдат овде во Канада.
Моето семејство е по потекло од Охридскиот регион, каде живеат и поголемиот дел од нашите роднини.
Моето семејство живее во Канада веќе 12 години.
На секои 3-4 години ги посетуваме нашите роднини во Македонија.Иако јас сум родена овде во Торонто мене многу ми се допаѓа Македонија особено Охрид.Кога сме таму одиме на езеро,низ чаршија, посетуваме цркви.Најмногу ми се допаѓа кај мојата баба на село.Можам да си играм во дворот со нивното куче,пилиња и други животни.
Со нетрпение ја очекувам нашата наредна посета на Охрид и Македонија.
Ана Јорданоска
Исто така ја изучивме печатната буква Аа за најмалите.
Продолжуваме по патот на успехот!



Снежана Тешовиќ
Професор по одделенска настава

## Млади Македонци
# 16 ГОДИШНАТА НИКОЛИНА МИРИЌ ОД МАЛИ НОЗЕ ГИ НЕГУВА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА,ТРАДИЦИЈА, МУЗИКА И ФОЛКЛОР



Во овој број на весникот "МАКЕДОНИЈА" а во рубриката "Млади Македонци, Млади активисти" Ви ја преставуваме младата и талентирана Николина Мириќ.
МК) Здраво Николина. На почетокот, дали би сакала да ни кажеш нешто повеќе за себе и за твоето семејство.
-Секако, но најпрво би сакала да ви се заблагодарам на поканата за ова интервју и да ги поздравам сите ваши читатели. Моето име е Николина Мириќ, имам полни 16 години и одам во 11-то или 3-та година средно училиште. Јас и моите две сестри Јасмина и Маја сме родени во Торонто. Мојата мајка Сојна води потекло од прекрасната Битола, додека мојот Татко Срѓан води потекло од убавиот Крагујевац, Р.Србија. Морам да кажам дека секоја прилика ја користиме да ги посетиме овие две преубави места, и да се запознаеме со корените на нашите родители.
МК) Знаеме дека твоите родители се многу активни во македонската заедница, посебно во Св.Димитрија од Маркам, но дали може да ни кажеш нешто за твоите први почетоци, твоите први активности?
-Моите први почетоци, први активности би ги поврзала со моето одење на училите за македонски јазик. Многу мала, на 5 годишна возраст почнав со наставата во "Bur Oak Secondary School" во Маркам во класот на учителката Блага Дафовска. Ја користам оваа прилика да ја поздравам и да и посакам се најубаво. И мене, но и на останатите ученици многу ни попомогна во совладувањето на македонскиот јазик.
Некако во исто време започнав и со наставата во КУД Билјана од Маркам. Моите две сестри веќе настапуваа во таа играорна група, па беше некако логично и јас да започнам со изучувањето на македонските ора и фолклор.
МК) Сега настапуваш во сениорската група на "МАКЕДОНКА" во Св.Климент-Охридски. Која е причината за таа промена?
-Во КУД Билјана во Маркам ги поминав сите нивоа, а стигнав и до сениорската група. За жал пред 2-3 години поради недоволен број на играорци, сениорската група се распушти и сега има само јуниорска група. Мојата љубов кон македонските ора беше голема и затоа се одлучив да продолжам со моите настапи во "МАКЕДОНКА".
Морам да напоменам дека овдека се чуствувам одлично. Се запознав со многу други Македонци и Македонки, остварив многу нови пријателства и морам да кажам дека од сите сум прифатена одлично. Работиме напорно и благодарејќи на нашите учители и кореографи спремаме некои нови ора и нови кореографии. За сите активности на "МАКЕДОНКА" можете да не следите на нашите Facebook и Instagram страници.
МК) Од сето ова се гледа дека си многу активна млада девојка. Како го користиш твоето слободно време, ако имаш такво нешто, и дали имаш некое хоби?
-Останува многу малку слободно време,точно е тоа. Но, ако добро се организира времето, може секаде да се стигне и секаде да се постигнуваат одлични резултати. Најчесто моето слободно време го користам за читање и за слушање на добра музика. Тоа е најчесто македонска,но исто така и музика од цел Балкан. Исто така уживам да им помагам на моите родители во кујната. Покрај мајка ми се учам да правам убави македонски јадења и секако македонските вкусни тестенини.
МК) Пред крајот, дали би имала некоја порака до нашите читатели?
-Секако. Би сакала да ги поканам сите млади Македонци/ки што помасовно да учествуваат во активностите во сите македонски заедници. Има место и можност за сите, од најмладите до најстарите. Со тоа се продолжува и подобрува македонската култура, традиција, музика и фолклор.
МК) Николина, ти благодариме многу за ова прекрасно интервју, а тебе и на твојата прекрасна фамилија Ви посакуваме многу успеси во иднина.
Ви благодарам и вам, и уште еднаш, голем поздрав до сите ваши верни читатели.

Пишува и уредува Диме Костов.



# VAC DEV

Accredited Nadcap™

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

## VAC DEVELOPMENTS LTD
## http://www.vacdev.com

***2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3***

# ***Bill Hristovski***




## ***Join the VAC Dev Team!***

***An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.***

**На сите newодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

## *VAC Developments Ltd careers*

***Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Planner Production - Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Manual Machinist***
Oakville, ON • Full-time

***Estimator Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Deburrer Grinding Technician - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Assembler Part Markers -Aerospace***
Oakville, ON • Full-time






# ЦРКОВНИОТ ФЕСТИВАЛ СВЕТИ ДИМИТРИЈА СОЛУНСКИ 2023 -ТА СО РЕКОРДНА ПОСЕТА ВО СВОЈАТА ИСТОРИЈА



Од 8-ми до 10-ти септември годинава Македонската Православна Црква Свети Димитрија Солунски од градот Маркам во Онтарио го организираше својот годишен традиционелен фестивал. Интересно е што неговото одржување секоја година следува за седум дена по црковно-народниот собир на Американско-Канадската Македонска Православна Епархија.

За време на трите денови, река од Македонци од сите делови на пошироката област на Торонто го посетија фестивалот и при тоа имаа можност да уживаат во македонските специјалитети кои беа дело на вредните Македонки од женската секција која ја преводи Сојна Алексовска Мириќ,а зад главната управа стои претседателот Диме Малаковски. На менито меѓу другото беа: македонски пити(мазници, зелници), грав, ќебапи, свинско месо,свежи салати, најразновидни домашни благи и пијалоци.Бројни волонтери и волонтерки, изведувачи и играорци продефилираа во текот на фестивалските денови со благослов на отец Горан Ристески кој е парохиски свештеник во црквата Свети Димитрија,а освен во улогата на духовник и еден од домаќините во црквата Свети Димитрија можевме да го видиме и како вреден работник се' за добробит на црквата Свети Димитрија.



Вредно е да се споменат уметниците кои ги забавуваа гостите во петокот, саботата и неделата : КУД ,,Билјана,,, од црквата домаќин,,Ф.А. ,,Македонка,, од македонската православна црква Свети Климент Охридски од Торонто,



гостинката од Рочестер Жаклина Маркоски, како и локалните музичари: Васко Петровски, Христо Георгиев, Душко Петкоски, Љупчо Тупаноски, Стив Штуревски, Соња и Оливр Бенд. Според зборовите на управата на црквата Св. Димитрија Солунски во Маркам



годинава беше забележана рекордна посета во трите фестивалски дена, а за тоа добар сојузник беше и прекрасното сончево, септемвриско време.

Ве очекуваме сите на есенските активности, особено на прославата на патрониот ден, на ден Митровден, на 8ми ноември кога ќе се одржи божествена литургија и свечениот банкет кој ќе се одржи на 4-ти ноември во банкетната сала на црквата.

# ОД ДЛЕТОТО НА ОХРИДСКИОТ РЕЗБАР ГОЦЕ ЃОРЕСКИ СОЗДАДЕНИ СЕ НОВИТЕ РЕЗБАРСКИ ДЕЛА ВО ЦРКВАТА СВЕТИ ДИМИТРИЈА

Резбарот Гоце Ѓорески во Канада ја претстави старата охридската резбарска школа преку делата: целивални, владички трон, сакрална маса и владички стол за во олтарот.









Отец Горан Ристески за весникот Македонија изрази голема благодарност до авторот нагласувајќи дека црквата Свети Димитрија е збогатена со овиенови резбарски дела и ги повика сите верници да повелат на богослужбите и да ги видат истите.

Исто така пораката од отец Горан и претседателот на црковната управа Диме Малаковски до сите парохијани и верници е да даруваат за црквата Свети Димитрија, секој долар е вреден и со тоа се помага нашата вера и овој прекрасен македонски храм во Маркам.







## Митровденски Базар 6-ти ноември

**Женската секција од црквата Св. Димитрија Солунски ве поканува на Митровденски Базар кој ќе се одржи на 6-ти ноември веднаш по црковната богослужба.**

**Повелете сите!**

Ladies Auxilary from the Macedonian Orthodox church St Dimitrija Solunski invites you to join them for

## Ladies Christmas Party

***On December 10 th, 2023***

After the Service

# ЦРКВИТЕ СВЕТА НЕДЕЛА И СВЕТИ НИКОЛА ОТВОРААТ НОВА СТРАНИЦА ВО СОРАБОТКАТА ЌЕ ОДРЖАТ ЗАЕДНИЧКА БОГОСЛУЖБА ВО ВИНДЗОР НА 22 ОКТОМВРИ



*Пишува и уредува Маја Димитриевски советничка за културно-уметнички активнсоити во црквата Света Недела*

Месецот октомври го започнуваме работно со првиот состанок на членовите од пензионерското друштво. Главна цел на овој состанок е да собереме мислење на пензионерите во однос на тоа што активности сакаат да се организираат во текот на оваа година, со цел да можеме да ги испланираме и реализираме. Исто така на состанокот ќе ги информираме за активностите кои се посветени за подобрување на нивниот социјален живот. Тука спаѓа субвенцијата која беше поднесена до владата на Канада на 28ми септември оваа година.

На 8-ми октомври, во неделата после богослужбата, во црквата ќе се одржи изложба на графички дизајнери, на која ќе бидат изложени дела на канадски и македонски графички дизајнери. Ваква активност се одржува за прв пат во нашата црква. Оваа активност е дел од нашите напори да ја зајакнеме соработката меѓу двете земји и нашата црква да се стави во центарот на вниманието во заедницата и пошироко.

Потоа на 14-ти октомври ќе се одржи забавата на Прилепското друштво. Со задоволство би кажала дека скоро сите влезници за вечерта се распродадени.

Со огромно задоволство сакам да најавам дека на 22-ри октомври прв пат нашата црква ќе ги постави корените на збратимување меѓу две македонски православни цркви, Света Недела и Свети Никола. По тој повод црквата Света Недела организира патување до Виндзор каде членови од црквата ќе ја посетат црквата Свети Никола. Во текот на посетата ќе се разменат искуства и мислења за работењето на двете цркви. Ќе разговараме и ќе размениме искуства за тоа како подобро да соработуваме меѓу себе како и со другите заедници со кои што имаме соработка. Предвидено е нашиот тим од Света Недела да присуствува на богослужбата која ќе биде предводена од нашиот свештеник Отецот Александар Зашов и свештеникот Отецот Емил Атанасов. По богослужбата ќе имаме заеднички ручек. Се надеваме дека ова ќе биде само почеток на соработката меѓу македонските православни цркви во Канада а можеби и ќе поставиме пример за соработка меѓу македонските цркви во Северна Америка.




St. Nedela MOC, Ajax is looking to recruit new members who love to sing. With mixed abilities and experiences, we aim to positively impact our community and participate in events. Come & join us t or contact Father Aleksandar.

МПЦ Света Недела , Ајакс бара да регрутира нови членови кои сакаат да пеат. Со различни способности и искуства, имаме за цел позитивно да влијаеме на нашата заедница и да учествуваме во настани.
Дојдете и придружете ни се или контактирајте со отец Александар.




Со посетата на црквата во Виндзор се заокружуваат октомвриските активности планирани досега во црквата. Меѓутоа може и нешто друго да се случи, бидејќи останува уште еден викенд.
Ја користам оваа прилика на кратко да ги информирам нашите читатели дека во текот на останатите месеци во годината, женската секција на Света Недела има испланирано неколку настани. Тука би сакала да нагласам дека на 12-ти ноември женската секција ја организира Модната Ревија или Fashion Show, а на 3ти декември организираат Божиќна забава. Сите се поканети да ни 'се придружат.
И за крај ви благодариме за поддршката и се надеваме дека ќе ве видиме ако не на сите, барем на некои од горе наведените собири и настани во црквата.

# ДОНАТОРСКИОТ БАНКЕТ НА 16-ТИ СЕПТЕМВРИ БЕШЕ ВИСТИНСКИ УСПЕХ БЛАГОДАРЕНИЕ НА НАШИТЕ ДАРЕЖЛИВИ ВЕРНИЦИ



На 16-ти септември Македонската Православна Црква Света Недела од Ејџекс го одржа одржа донаторски банкет кој имаше извонредна посета и одѕив од страна на македонската заедница во Канада.
- Раководството на Македонската Православна Црква Св. Недела од Ејџекс, предводена од претседателот Славе Бунтески изразува голема благодарност до сите дарители и гости од македонската заедница во Канада кои што присуствуваа на донаторскиот банкет што се одржа во нашата прекрасна црковна банкетна сала .
-Благодарни сме за секоја донација, сите вашите прилози се еднакво важни за нашата црква, а нив ги имаше во голем број - изјави советничката за културно-уметнички активности Маја Димитриевски.











# Macedonian Orthodox Church
# St. Dimitrija Solunski

**invites you to join them for**
**Banquet and celebration**
**of the patronal day**




## For the honor and glory of St. Dimitrija Solunski

# Saturday November 4th 2023

## from 7:00pm

For table reservations please contact the church
and the Priest Goran 905- 471-5555
We look forward to seeing you!
201 Main St N, Markham, ON L3P 1Y4

## Live music: Sonja and Oliver Band& Steve





**МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА “СВ.ИЛИЈА“**

**MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH “ST. ILIJA”**

**1775 Bristol Rd. West • Mississauga,**
**ON L5M 2Y5 (905) 821-8050**
**www.st-ilija.ca E-mail: admin@st-ilija.ca**


**САЛАТА ПРИ ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА ВО МИСИСАГА СЕ ИЗНАЈМУВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА : ПРИВАТНИ ЗАБАВИ, КРШТЕВКИ, ВЕРИДБИ, ПОГРЕБИ И ДРУГИ НАСТАНИ.**

**ОСВЕН ПРОСТОРОТ, ЦРКВАТА НУДИ И КОМПЛЕТНО МЕНИ СО ЈАДЕЊА ЗА ГОСТИТЕ.**
**КАПАЦИТЕТ: 150 ЛУЃЕ**

**ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЈАВЕТЕ СЕ КАЈ: ГОРНАН 647-710-3836 БИСЕРКА 416-319-4949**








## Митровденски Базар

**Женската секција од Св.Илија Мисисага со претседателката Весна Трајковска Ве поканува на Митровденски базар на 5 ноември 2023 во банкетната сала на црквата со почеток во 12 часот.**

**Повелете сите, купете си од богатиот избор на солени, слатки производи, крпи, масло и други дарови за црквата.**




# “ЗЕЛНИКФЕСТ 23” ИМПРЕСИВНА МАНИФЕСТАЦИЈА ВО МИСИСАГА





На 17 септември 2023 се одржа една мошне позначајна манифестација која изобилуваше со поставата и разновидните зелници приготвени од разни краеви на Македонија и направени на разни начини и филувани по посебни вкусови. Зелник фестот за прв пат беше одржан во салата на МПЦ Св. Илија од Мисисага, а организатор беше македонското пензионерско друштво “Ривер Сајд” секција при МПЦ “Св. Илија”,Мисисага. Според зборовите на претседателот на друштвото Горнан Јовановски: “Целта на оваа уникатна манифестација е да се запознаеме или потсетиме на традиционалниот македонски специјалитет -зелникот како нашите мајки, баби и прабаби го приготвувале, типично на природен начин,многу старински,древен а токму со тоа да зачуваме и продолжиме барем еден дел од македонскиот Национален идентитет. Од порано е познато дека суканиот зелник секогаш успевало да го собере целото семејство околу софрата и така со голема сласт, со прсти , без ножеви, вилушки или садови се јадел зелникот, топол , што туку изваден од фурна или вршник, а со тоа задолжително матеница или кисело млеко кое мајките и бабите сами си го правеле. Замислата е оваа традиција да се зачува и пренесе и на други, посебно да служи како мотивација на младата генерација што доаѓа по нас. Зелникот не е само обичен зелник, туку во него е вткаено нашето културно богатство, традиција, историја и се што е македонско”. Македонската традиција барем овој ден, овде во Мисисага можеше да се почувствува за момент, што ќе е траен за долго кај оние кои присуствуваа. А мирисот на неповторливиот вкус на традиционалните зелници направени од рацете на вештите и искусни домаќинки, како однадвор така и од членките на Пензионерското друштво “Ривер Сајд”, Св. Илија, Мисисага ,како и од црквата Св. Илија, им причинуваше особено задоволство. Големиот број од присутните не можеа да го сокријат своето задоволство, тој миг и тоа пријатно чувство можеше од далеку да се забележи на нивните расмеани лица. Посебно воодушевување и восхитенос им приреди прекрасниот амбиент и декорот со многубројни архаични елементи од Македонското културно и историско наследство. Сето тоа означи пријатна атмосфера на кое присутните искажаа убаво мислење, а за организаторите значеше поттик и стимул за оваа манифестација да прерасне во традиционален настан. Најзабележителна од сите учесници на зелник фестот со свој домашно приготвен зелник се одвојува младата Јана Савевска. Таа направи два зелници, еден Скопско-Кумановски а другиот Скопски. Јана е ќерка на минатогодишниот претседател на црквата Св. Илија од Мисисага, Ацо Крстевски и мајката Елизабета. Јана го носи презимето на својот дедо Саве, родена е во Скопје пред 25 години. Во Канада доаѓа на 3 годишна возраст. Интересот за домашно направена храна Јана го имала од раните детски години,а со месење почнала да се занимава од пред четири години, посебно го обожава традиционалниот македонски зелник кој почесто ни го прави, велат родителите Ацо и Елизабета. Инспирација и било вкусот и начинот на кој се правел зелникот но и нејзината постојана наклонетост кон македонските традиционални јадења, посебно суканите работи.. Инаку Јана има завршено политички науки и адвокатура. Честитки за Јана Савевска која поседува кулинарски вештини, а воедно се издигнува и со високо образование што е за почит и за пример.Зелник фестот што за прв пат се одржува во Мисисага навистина го привлече вниманието на голем број присутни а тие со голема одушевеност им се заблагодарија на организаторите за културниот настан, за Македонската традиција која не смее да се заборави. Пензионерското друштво “Ривер сајд” искажува голема благодарност до сите учесници, и до присутните а посебно до сите оние кои вложија голем труд фестивалот да биде успешен со позитивни резултати и патријархален дух.
Горнан Јовановски



## ПРВИОТ ПЕНЗИОНЕРСКИ РУЧЕК ВО ОКТОМВРИ ВО ЦРКВАТА СВЕТИ ИЛИЈА БЕШЕ ПОДАРЕН ОД МАГДАЛЕНА И ЗОРАН ИВАНОВСКИ





Пензионерското друштво "Ривер сајд" од МПЦ Св. Илија од Мисисага искажува голема благодарност до семејството на Магдалена и Зоран Ивановски за подарениот ручек во првиот вторник во месец октомври, кој е резервиран за пензионерски ручек во црквата Свети Илија. Благодарение на нивната помош ручекот ги надмина сите очекувања. Благодарност
и на сите оние кои помогнаа во приготвувањето на ручекот, а воедно и присутните без кои не е ништо остварливо, изјави претседателот на друштвото ,,Ривер Сајд,, од црквата Свети Илија во Мисисага Горнан Јовановски.

- Оваа црква останува за нас, и за идните генерации кои доаѓаат по нас и ние мораме да се грижиме за неа и за нејзината иднина - изјавија дарителите на богатиот ручек Магдалена и Зоран Иваноски.

## СРЕЌЕН 90-ТИ РОДЕНДЕН ТРИФКО ГЕОРГИЕВСКИ, ПОМАГАТЕЛ ВО ОЛТАРОТ ВО ЦРКВАТА СВЕТИ ИЛИЈА, МИСИСАГА



Пензионерското друштво "Ривер сајд" гранка на МПЦ "Св. Илија"-Мисисага, по повод Злата Мегленска, вториот патрон ден на Св. Илија ќе подготви празничен ручек. Ручекот ќе биде посветен на Трифко Георгиевски по повод неговиот 90-ти роденден и 25 години активно работење во црквата Св. Илија како црковен прислужник.
Управниот одбор на ,,Ривер сајд,, и семејството на Трифко ве поканува на богата софра. Храната е подарена од семејството на Тријада и Трифко Георгиевски, ќе има бесплатно пијалаци подарени од семејството Георгиевски. Повелете сите.
"River Side" Senior Citizens Club MOC St. Ilija - Mississauga, is organizing a special lunch to celebrate the 90th birthday to Trifko Georgievski and 25 years of his services to the St. Ilija MOC, Mississauga.

Please Join us, Thursday, October 26th. 12pm after church service.
The food is donated by Trijada and Trifko Georgievski.
Everyone is welcome!

# Macedonian Cooking with Sue Eastwood






## MACEDONIAN TURSHIYA

I made my turshiya recently. We enjoy it on its own with warm rakia on a cold winter day. Especially after coming in from shovelling snow!

Turshiya is not only a tasty and versatile dish but also an excellent method for preserving vegetables for the winter months when fresh produce may be less readily available. The pickling process not only imparts a unique and tangy flavor to the vegetables but also helps extend their shelf life. In addition to its practicality, turshiya also holds cultural significance in many regions, including Macedonia and other Balkan countries. Families often have their own recipes and methods passed down through generations, making it a cherished tradition.

During the winter, having a jar of homemade turshiya on hand can add a burst of flavor and nutrition to meals. Whether you're enjoying it as a side dish, using it as a condiment, or simply snacking on pickled vegetables, turshiya is a delightful way to savor the flavors of summer all year round.

Turshiya is part of a traditional zimnica preparation that Macedonians prepare before winter sets in. It is a way





to have a supply of food for the winter and to use up the abundance of produce from the harvest. This method is the way my mom taught me ( and my baba taught her ) to pickle vegetables Macedonian style. You can use this method for anything.

At the bottom of each jar I placed a clove of garlic, a stem of rosemary and thyme , peppercorns, dill seeds, mustard seeds and chilli flakes. You don't have to do all that.

You don't have to add anything but the veg and the liquid.

I chopped up cucumber, peppers, cauliflower, carrots and celery.

See the method below for more details!

Keep in mind that you can add more vinegar, this can be adjusted to your taste preference.

**Brine:**

**10 cups water**

**1 cup vinegar**

**1/2 cup sugar**

**1/2 cup salt ( pickling salt is preferred as it is purer form without additives)**

Boil and cool down

Add garlic and dill seeds to each jar to pickle.

Ladle liquid over veg.

Boil lids of jars. Right away close lids.

Place jars upside down. Cover with towel all night.

Place right side up in cold room for at least 3 weeks.

## HAPPY THANKSGIVING

Macedonians in Canada have a public holiday to celebrate in October, that holiday is called Thanksgiving. We have a long weekend, with the Monday as a paid holiday. Thanksgiving is about sitting together with family and sharing a beautifully prepared meal with offerings from the harvest. Canadians give thanks for the land and the food it has provided them and everything else that we are grateful for. It is customary for Canadians to begin the meal, by saying what they are grateful for. As



Macedonians living in Canada, we have embraced this culture and tradition because it aligns with our values. And because our harvest in Macedonia is like the harvest in Canada, we know exactly what to do with a pumpkin and other seasonal offering. My mother Bona grew up Dolno Srpci (Bitolsko) Macedonia. There my grandmother Milka taught her children how to make tikvarnik when the pumpkins and squash ripened. Tikvarnik is a very traditional Macedonian dessert that is like a crustless pie. Every part of Macedonia makes a version of it. So, skip the Canadian pumpkin pie from the grocery store, and make this instead.

**MOM'S(BOJANA'S) TIKVARNIK**
**( PUMPKIN SQUARES**

**NGREDIENTS :**

**1 medium squash**

**1/2 cup butter (softened)**

**1/2 cup milk**

**3 eggs**

**1/3 cup sugar**



**Method**

**1**) quarter and peel away squash and steam (like you would potatoes)

2) mash cooked squash and add all other ingredients.

3) spread evenly in 9x9 inch baking pan

4) bakes at 325F for 55 minutes until golden on surface and set

You may also want to serve a pumpkin soup to your family. This one is rich and creamy; your family will love it!

Ended up buying one small cooking pumpkin and one squash and then chopped and boiled them. I added garlic and onions. Then I removed the pumpkin and squash, added to the blender with some of the stock from the pot. It came out smooth. Iplaced in a pot and added cream, salt, and pepper. The result was simply delicious. My family raved at this delicious smooth, creamy autumnal favourite. Sprinkle pumkin seeds over the soup to



serve. Finally, what would a Macedonian family gathering be without zelnik so tikva? This is a phyllo pastry pie with pumpkin filling. To make the filling, simply steam your cooking pumpkin or squash and then mash it in a bowl the way that you would mash potatoes. Then add a little butter, milk, salt and sugar. Make your zelink the way you normally would. It is my dad, Pando's ( from Bukovo) Favorite type of zelnik.

**From our family to yours, Happy Thanksgiving from Sue and Rob**





Owners Robert Gill and Sue Eastwood

RMG

WORKPLACE SAFETY

rmgconsulting.ca

RMG are official IHSA COR external auditors. Our team of safety professionals can conduct your COR External Audit. Additionally, we can manage your safety program and assist in preparing your company for internal and external audits.







## We are a premier boutique provider of occupational health and safety services.

We are approved by the Ministry of Labour, Immigration, Training and Skills Development to deliver Working at Heights and Working at Heights Refresher Training as well as Joint Health and Safety Committee Certification (JHSC-Part 1/Part 2/Refresher). We provide site safety inspections, consulting, administrative and management support. We offer all kinds of OHS training at our exclusive 4500 square foot training center located in Vaughan.



For more information

**CALL OUR TEAM**

**905 761 9030**

www.rmgconsulting.ca | sue@rmgconsulting.ca

# Pearl White

## Dental Hygiene Clinic

Your Dental Hygienist: Atina Gorgiev RDH

☆ Macedonian Senior Teeth Cleaning Special $99

☆ Teeth Whitening Special $129

pearlwhitedentalhygieneclinic@gmail.com

(416)-817-7650

301-4430 Bathurst St.
North York, ON. M3H 3S3








ROYAL LEPAGE Signature Realty
IND. OWNED & OPERATED BROKERAGE

# MAYA MIKAROVSKA

Sales Representative

647.459.4637

Maya@YourTOrealtor.ca

**Ensuring hassle-free real estate transactions:**

- Free home staging
- Free professional photography
- Reno/home design consultation
- Outstanding service, commitment to excellence

*Let's achieve your real estate goals. Contact me today for a confidential, no obligation consultation.*






# Dr. Elizabeth Dimovski

## Family Dental Office

## Home of the FREE Custom Mouth Guard

For all our sports-playing patients! Call for details today!

2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9

**905-458-6620**

# ГРИЖАТА НА ЦРКВАТА ЗА ВЕЧНОТО СПАСЕНИЕ НА ЛУЃЕТО



**Пишува и уредува: прота-ставрофор**
**ИЛИЈА ДОНЕВ: 416. 898 – 0496**
**ilijadonev@gmail.com**
**FB Ilija Donev**

На светите богослужби, во молитвите, во проповедите во храмот и меѓусебните разговори постојано го слушаме зборот “спасение“. Што значи зборот “спасение“ и за какво спасение зборува Црквата?

Во поширока смисла зборот “спасение“ значи избавување од зло, опасност, маки, тешкотии, тегоби (духовни или телесни). Кога, пак, Црквата зборува за спасение тука се мисли на духовно, вечно, спасение на човекот, а кое се однесува во вечниот живот - животот после телесната смрт.

Спасението, како крајна цел во духовниот живот, е предмет на секоја религија. Разликата е во тоа што секоја од нив има различно учење за спасението, а и нормите за спасение се различни. Така на пример: според учењето на некои религии, спасение се добива преку т.н. инкарнација и достигнување на посебна состојба - нирвана; други религи учат дека спасението се добива преку постојана (физичка) борба против непријателите; некои, пак, особено протестантските секти, учат дека за спасение доволно е да се чита Светото Писмо – Библијата и да се верува во Господ.

Од сите религии Православната Црква има најчисто и насвето учење за спасението. Таа учи дека спасението, пред сé, е Божји дар преку кој човекот се избавува од гревот и смртта, се соединува со Христа и го наследува Царството Божјо. Божјата грижа за спасение на човекот е вечна – од создавањето па се до свршетокот на светот. Бог од преголема љубов го создаде човекот. Иако во одредено време, преку прворордниот грев, човекот отпадна од Бога, Бог не престана да се грижи за него упатувајќи го и советувајќи го, на разни начини, со разни методи и средства, да се врати кон Него. Бог го создаде човекот со тело и душа (материја и дух) по ликот Божји, а тоа значи безгрешен, бесмртен и свет. Душата на човекот постојано тежнее кон Создателот – Бог. Преку разумот треба да Го познае Бога, а преку слободната волја да Го признае и сака, како детето што го сака својот родител. Оваа Божја љубов се забележува низ целиот Стар Завет.И Новиот Завет започнува со грижата Божја за спасение на човекот. Всушност, појавата на Второто лице на Света Троица, Господ Исус Христос беше израз на неизмерна љубов Божја кон луѓето и, преку поуки и лична жртва, да го упати човекот на вистинскиот пат кон вечното спасение. Неговото доаѓање на земјата, воплотувањето, не беше случајно, туку со Божја промисла. Имено уште при паќањето во грев на првите луѓе, Адам и Ева, Бог одлучи, откако ќе се исполни времето, да го испрати Второто лице Господ Исус Христос, да ги избави луѓето од гревот и смртта. (Спореди: Постанок 3:15; 1 Јов. 3:8; Гал. 4:4; Дел. Ап. 2:23; тропар на Благовештение). Свети апостол Павле вели: “Голема е тајната на побожноста, Бог се јави во тело“ (1 Тим. 3:16). (Зборот “воплотување“ е од црковнословенски збор “плот“ што значи тело, односно Бог, Кој постои од вечност, прими човечко тело и стана човек, при тоа не престана да биде Бог –БОГОЧОВЕК). Воплотувањето било неопходно затоа што бил најдобар и најцелисходен начин за спасение на паднатиот човек и единствено така луѓето можеле да Го разберат.

Освен тоа Бог ја основа Црквата чија што главна цел е – воведување на луѓето кон вечното спасение. Црквата се грижи за спасение на луѓето од самото нејзино основање. На празникот Педесетница, после силната проповед на Св. апостол Петар, луѓето прашаа: “Луѓе браќа, што да правиме! Покајте се и секој од вас да се крсти во името на Исуса Христа за простување на гревовите; и ќе примите дар од Светиот Дух“, им советува Свети апостол Петар (Дела Ап. 2: 37 - 40).

Спасението на луѓето е основниот предмет и во проповедта на светите апостоли. Основањето на црковните заедници беше со единствена цел - учењето на Црквата за спасението на луѓето, преку одредени и оспособени личности, да се проповеда и шири насекаде во светот. Оттогаш па се до денес таа задача и цел на Црквата Христова не е изменета.

Како да се спасиме?

Црквата Христова непрестајно предупредува на подготвеност за Судот Божји. Господ Христос вели: “Па така, бидете будни, зашто не знаете во кој час ќе дојде вашиот Господ“( Мат. 24: 42), односно кога ќе настапи Судот Божји. (Спореди: “Параболата со десетте девојки“ (Мат. 25: 1 – 13). Но, денес, луѓето, поради секојдневните обврски на работа, со бизниси, семејни грижи, постојано “трчање“ натаму – наваму, како да немаат време да размислуваат за Бога и за спасението. При средба со свештеник пројавуваат интерес за многу нешта настојувајќи за кратко време да го апсорбираат целото учење на Црквата. Посебен интерес привлекуваат прашањата за задгробниот живот – животот после смртта. При една прилика прашав: Ако денес е твојот последен ден што мислиш дали ќе бидеш спасен, односно дали душата твоја ќе оди во Рајот или пеколот? Одговорот беше: “Навистина незнам. Никогаш не сум размислувал за тоа прашање. А што треба да правам за да бидам спасен“?, следеше неговото прашање. Точно е дека ние никој не знаеме однапред дали ќе бидеме спасени или не. Не е наше воопшто да размислуваме и да се занимаваме со такви прогнози. Наше е да работиме и да го извршуваме она што ни е заповедано. Господ Исус Христос ни дал многу примери и упатства за тоа како да се владееме во земниот живот. Всушност, целиот овој живот на земјата е само подготовка за идниот вечен живот. Ако не е така тогаш беззмислен би бил нашиот живот на земјата, а и храброста за правење добри дела не би имала никаква придобивка. Но, сепак, малкумина се оние кои размислуваат за тој ден или за тој настан што сите нé очекува. Малкумина се оние кои одат подготвени за тој суден ден - Божјиот суд. Мал е бројот на оние луѓе кои по свршувањето на денот прават себенаблудување прашуваајќи се: Како ми помина денот? Дали направив нешто добро во изминатиот ден? Дали со некого бев во кавга? Дали со збор или постапка го навредив својот ближен? Дали мораше да биде сé онака како што помина? Дали направив некое Богоугодно дело со кое би ја исполнил Божјата волја? И, на крајот, дали изминатиот ден го завршив Богоугодно? Овие се многу важни прашања што треба секој од нас да си поставува по свршувањето на денот. Светите оци велат: ако човекот барем еднаш во денот помислува на Божјиот суд тогаш многу зла во светот би се намалиле. Значи ваквите прашања можат да бидат од голема корист затоа што нé поттикнуваат на размислување на сé она што нé очекува после телесната смрт, а воедно и поттикнување кон правење добри дела на земјата кои, пак, би ни биле добра основа за наследување вечен блажен живот – вечно спасение.

Љубовта кон Бога и љубовта кон ближните се двете најголеми заповеди на кои се темели учењето на Црквата за спасението.

Конкретни упатства за спасението даде Св. апостол Петар на празникот Педесетница (Дела Ап. 2: 37 – 40) определувајќи ги првите степени во процесот за спасение и тоа: покајанието, крштевањето и примањето на даровите на Светиот Дух. Истото важи и за нас денес.

Да се покаеме тоа значи да ги смениме нашите мисли и да се одвратиме од гревот и да се посветиме на Христа. Сознавајќи ја својата грешност и осудувајќи се себе си за сторените гревови, стануваме смирени. Смирението е првата добродетел и почеток на спасението, оти само смирениот човек може да се моли на Бога и да се кае. Тоа не е дар што се добива од надвор, туку состојба што треба лично да се сознае. Смиреноста и денес е одлика на вистинските христијани. За да ја започнеме борбата против гревот потребно е најпрво да го сознаеме, а потоа да го отстрануваме. Исто како лекарот кој прво ја диагностицира болеста, а потоа одредува терапија. Така и покајанието треба да се состои во вистинското сознавање на својата грешност и да резултира со искрено покајание. Како пример може да ни послужи случајот со разбојникот на крстот кој во последен момент се покаја и стана жител на Рајот (Лука 23: 42). Да се крстиме тоа значи повторно да се родиме и да се соединиме со Христа. Оти, преку крштевањето се добива простување на прворордниот грев и од други гревови, ако ги имаме (се мисли на крштевање на возрасни), освен тоа се добива Божја благодат за нов живот, право на примање на другите свети тајни (Миропомазување, Венчавање, Причестување, Покајание и Исповед, Свештенство, Елеосветување или Маслосвет) и, се постанува член на Црквата и чедо Божјо. (При крштевањето свештенослужителот ги изговара зборовите: “Се крштева чедото Божјо (името) во името на Отецот – амин, и Синот – амин, и Светиот Дух – амин“).

Преку Примањето на дарови на Светиот Дух ние Го примиме Духот Кој ни даде сила да влеземе во нов живот со Христа, да бидеме негувани во Црквата и потврдени во ликот Божји. Тоа се првите чекори кон спасението. Но, пред сé, ќе речеме, спасението најпрво инсистира на вера во Бога, “оти без вера не е можно да Му се угоди на Бога. Оние кои доаѓаат при Бога, треба да веруваат оти Он постои и дека ги наградува оние, што Го бараат“ (Евр. 11:6), вели Свети апостол Павле. Не може да се надева на спасение оној кој не верува во Бога и кој го одрекува Неговото постоење. Освен тоа спасението не е само работа на верата, туку тоа е работа на верата преку љубовта. Љубовта се пројавува преку исполнувањето на Божјите заповеди, како и заповедите на Црквата и тоа: Воздржување од мрсна храна во деновите на постот, редовно исповедување, почесто причестување, воздржување во бракот и тн. Спасението не е еднократна работа која се завршува за одредено време, туку постојан и долг процес кој трае до последниот здив. Тоа е креативност која треба да произлегува од внатрешноста на душата на христијанинот и која ќе го поттикнува на постојани акции и нови подвизи. Тоа е постојан подвиг на христијанинот кој треба да го исполнува целиот негов живот. Не е оправдано ако некој мисли: сега ќе грешам и ќе живеам “слободно“ па понатаму ќе се покаам за да се спасам. Такви калкулации, или пазар, во Црквата не е дозволено. Затоа од нас се бара активно учество во спасението преку верата и нашето единство со Христа преку силата на Светиот Дух. Единството со Христа и силата на Светиот Дух ќе го најдеме во Црквата. Затоа светите оци постојано укажуваат дека надвор од Црквата нема спасение. Некои велат за спасение доволно е само да правиме добри дела, да работиме за храмот, материјално да го помагаме, да не им правиме на луѓето зло, па и не мора толку да се оди в црква на свети богослужби или, пак, да се биде толку црковен (религиозен) човек. Ова мислење (за жал присутно е и кај мнозина наши луѓе) е многу погрешно па дури и опасно. Суштината на богослужението е во заедничката почит, благодарност и прославување на Бога во Црквата. Тоа е блиска и безпрекорна заедница со Бога. Традиционалното т.е. формално верување, кое не призлегува од внатрешноста на душата на човекот и кое не е плод на верското убедување, е осудено во Православната Црква. Доаѓањето и присуството на светите богослужби, особено на Светата Литургија е наша христијанска обврска.

Уште во Стариот Завет Бог заповедал, покрај жртвите, да се извршуваат и свети богослужби (Спореди: 2 Мојс. 35 – 40). Господ Исус Христос рече на тајната вечера: “Ова е Моето Тело ... Ова е Мојата Крв... и им заповеда на апостолите: “Ова правете го во Мој спомен“(Лука 22: 19 – 20). Неговите следбеници, христијаните, и денес веруваат и го прават тоа без исклучок. Светото богослужението не е обична церемонија која се извршува во храмот, туку реално повторување на Христовата жртва на крстот и наше соучество во Неговите страдања Кој го даде својот живот и моќ заради нашето спасение. Причестувањето со Светите Дарови е реално примање на Телото и Крвта Христови во себе и наше соединување со Христа кое, пак, е срцевината на Светата Литургија. Затоа таму каде што нема Света Литургија нема ни спасение. Оттаму ќе речеме неодговорното однесување кон светите богослужби, особено кон Светата Литургија, нé оддалечува од Бога и ни го попречува патот кон спасението. Првите христијани Светата Литургија – Евхаристијата ја нарекувале “лек против неморалноста“ затоа што тие ја сознале големата благодат“ што ја добиваат преку неа.

Од колку голема важност е Светата Литургија ни посведочува и настанот со св. Теодосиј Черниговски (1896 год.), свештеникот кој го извршувал преслекувањето на моштите, бидејќи се изморил, задремал седејќи покрај моштите и го здогледал пред себе светителот кој му рекол: “Ти благодарам што се потруди околу мене. Уште те молам, кога ќе служиш Литургија, да ги спомнеш моите родители“- и ги изговорил нивните имиња (јереј Никита и Марија).“ Како ти, светител, од мене бараш молитви, кога и самиот си покрај Престолот Небесен и на луѓето им ја пружаш милоста Божја“-запрашал свештеникот. “Да, тоа е точно-одговорил св. Теодосиј - но принесувањето на Литургија е помоќно од молитвата“. (М.З. www.preminportal.com.mk). Свештеномаченикот Иринеј, епископ Лионски, напишал: “Нашето учење е согласно со Евхаристијата, и Евхаристијата пак, го потврдува нашето учење“. Светата Литургија не е срцевина само на учењето на Црквата, туку и на нашето верување. “Играњето“ со Светата Литургија е “играње“ со вечноста. Затоа треба добро да размислиме за нашиот однос кон неа.

Секоја богослужба е придружена со молитва, односно богослужението, всушност, е молитва. Молитвата е основата на христијанскиот живот. Како што вели Св. Филарет Московски “молитвата е разговор на човечката душа со Бога“ Како што во секојдневната комуникација и разговор е невозможно да се слуша само една страна, така и во молитвата добро е понекогаш да застанеме и да го слушнеме Божјиот одговор на нашата молитва. Некои од светите оци молитвата ја изедначуваат со храната и воздухот. Во молитвата, преку збор, мисла и песна, ние Му угодуваме на Бога и Му благодариме за сé што направил за нас. Го молиме за милост и духовни потреби за нас и за непријателите, и Го молиме за мир и блаженство на небесата – за вечно спасение. Без молитва не е возможно да Му се угоди на Бога. Тоа беше мојот одговор на прашањето од мојот соговорник.

На крајот ќе речеме- вечното спасение на човекот е постојана грижа на Црквата.... Наша обврска е да го бараме спасението и со целото наше битие да се определиме на Богоугоден живот овде на земјата. Во спротивно ќе бидеме осудени на вечна мака.




222 Rowntree Dairy Road | Woodbridge, ON L4L 9T2 | T: 905-652-4140 | www.ubc27.ca

@carpenters27

# 23 ОКТОМВРИ ГО СИМБОЛИЗИРА КОНТИНУИТЕТ НА БОРБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ЗА НЕЗАВИСНА И САМОСТОЈНА НАЦИОНАЛНА ДРЖАВА. НА ТОЈ ДЕН СЕ ПОТСЕТУВАМЕ НА СИТЕ ХРБРИ ДЕЛА НА НАШИТЕ ПРЕТЦИ. ТОА СЕ ДЕЛА КОИ НИ ДАВААТ ХРАБРОСТ ДА ИСТРАЕМЕ И ДА ГИ НАДМИНЕМЕ ДЕНЕС СИТЕ НОВИ ИСКУШЕНИЈА - ОСПОРУВАЊЕ НА ИМЕТО, ИДЕНТИТЕТОТ.

**На 10 октомври 1946 година** во Скопје, во црквата „Свети Спас", со сите државни почести и пред повеќе илјади граѓани од цела Македонија, беа положени моштите на истакнатиот македонски револуционер и идеолог Гоце Делчев, кои два дена порано македонската делегација ги донесе од Софија.

**11 октомври** Ден на востанието на Македонија или Ден на народното востание на македонскиот народ познат и само како 11 Октомври е државен празник кој се празнува на 11 октомври во Македонија.

Востанието е против фашизмот и со тоа започнува борбата за ослободување на македонскиот народ. Тоа е важен мeѓник во борбата за самобитност и самостојност на македонскиот народ. Со својата вооружена борба, Македонија не станала квислиншка територија, туку, напротив, жешко подрачје за окупаторот и дала свој придонес во победата над фашизмот во Втората светска војна. За почеток на востанието против фашизмот во Македонија се смета нападот кој Прилепскиот партизански одред „Гоце Делчев" го извршува во Прилеп на 11 октомври 1941година. Во нападот учествуваат 16 партизани, распределени во три групи. Првата го напаѓа бугарскиот полициски участок, втората - затворот, а третата има задача да ги прекине телефонските врски и електричната инсталација.

Дејствија има и во Кумановско. На 12 октомври 1941 година, во областа Студена вода е формиран Кумановскиот (Козјачки) партизански одред, а во областа Менкова колиба Карадачкиот партизански одред. При првите судири со бугарската војска овие партизански одреди биле разбиени. Карадачкиот одред е разбиен на 14 октомври, а Козјачкиот одред - на 17 октомври.

**На 16 октомври 2007 година** во трагична сообраќајна несреќа на автопатот Загреб — Липовац, кај местото Нова Градишка во Република Хрватска, на возраст од 26 години. Тодор „Тоше" Проески роден беше во Прилеп на 25 јануари 1981 и е познат македонски поп-пејач и една од најголемите ѕвезди на балканската музичка сцена, каде што беше доживуван како заштитен знак на Македонија. Музичката кариера ја започнал со настапот на прилепскиот фестивал Мелфест во 1997, каде што и победил изведувајќи ја песната Yesterday од Битлси. Патот кон ѕвездите му го отвораат песните Пушти ме (1997) и Остани до крај (1998). Имал блиска соработка со Џеф Бек, Григор Копров, Жељко Јоксимовиќ, Леонтина Вукомановиќ, Марина Туцаковиќ, Бора Ѓорѓевиќ, Миро Буљан, Антонија Шола, Тони Цетински, Phoebus, Ања Рупел и голем број на други влијателни балкански и светски музичари и композитори. Се смета дека подемот во неговата кариера започнал по изведбата на песната Твоите бакнежи на моите бели кошули на Скопскиот фестивал во 1999 година. Во меѓувреме Тоше станал дел од продуцентската куќа Авалон, каде што останал сè до истекувањето на неговиот договор во април 2002. Во 2004 година бил прогласен за Амбасадор на добрата волја на УНИЦЕФ. Негов заштитен знак бешее познатиот израз Ве сакам сите.

•23 октомври е Ден на македонската револуционерна борба или Ден на револуционерната борба — државен празник во Македонија.

**На 23.октомври 1893 -** во Солун е основана Внатрешната Македонско-Одринска Револуционерна Организација (ВМОРО), која подоцна станува македонско национално движење и дејствува со цел за извојување автономија на Македонија преку револуционерна борба.

23.октомври 1893 во Солун беше основана Македонската револуционерна организавија. Во куќата на книжарот Иван Хаџи Николов во Солун, шестмината македонски дејци Христо Татарчев, Даме Груев, Петар Поп Арсов, Иван Хаџи Николов, Антов Димитров и Христо Батанџиев ги поставија темелите на Организацијата. Тогаш беше создадена конспиративна група која ја нарекуваат Македонски револуционерен комитет. Тој ден, 23 октомври, од 2007 година се слави како




Ден на македонската револуционерна борба.

По поставувањето на основите на Македонската револуционерна организација во 1893 година се развила изразита организациона дејност. Сознанието дека во Македонија постојат услови за развивање на усилена револуционерна активност ги охрабрува членовите на друштвото кои во почетокот на 1894 ходина повторно се сретнале во Солун. Тогаш се поставени целите на Организацијата: да биде тајна и револуционерна; нејзината територија да ја сочинува Македонија во географските и етнографските граници, поради што ќе се вика внатрешна; во неа да членуваат лица што се родени и што живеат во Македонија, без разлика на вера и народност. Политичката цел била: автономија на Македонија, да се чува самостојноста на Организацијата, за да не падне под влијание на политиката на владите на соседните слободни држави. За претседател бил избран Христо Татарчев, а за секретар-касиер Даме Груев.

Даме Груев во своите кратки спомени ќе забележи: „ ... Се групиравме меѓу себе, заедно изработивма правилник – Устав. Во неговата основа влегоа истите принципи: барање да се примени Берлинскиот договор. Така тој устав беше изработен според образецот на уставот од револуционерната организација во Бугарија пред нејзиното ослободување. Девизата беше: спроведување на решенијата од берлинскиот договор. Создадовме тајна организација со „централен комитет", со гранки, со членски влогови. Се предвидуваше клетва и др... Тоа беше бо учебната 1893/1894 година." – споменува Даме Груев за поставување на основите на Македонската револуционерна организација. Сепак својот замав, Организацијата го добива по Солунскиот конгрес. Најверодостојни податоци за конгресот одржан во Солун во летото 1896 година, дава Ѓорче Петров. Тој за решенијата на Солунскиот конгрес на револуционерната организација во 1896 година во своите „Спомени" ќе напише:

„За време на распустот од 1896, направивме еден вид конгрес во Солун, 15-16 души. Од Солун бевме 6-8 души, од Битола Пере Тошев, од Воден Кирил Прличев. Од солунските бевме јас, Татарчев, Даме, Андон Димитров, Николов. Тогаш првпат се видовме со Матов, Делчев, Поп Арсов, првпат тогаш се запознавме меѓу себе. Работата зеде поширoки размери и сите ја бевме почувствувале потребата за да се организира таа посилно. Тоа собрание, така да се рече, беше основачко. И оттогаш датира солунската организација, тогаш веќе ЦК се призна. Дотогаш не се знаеја членовите на ЦК, се дотогаш одеше по другарски и секој работеше во својата средина, главно по свое наоѓање и само другарски се советуваше. Во разговорите како во друштво (ни биро, ни претседател, ни записници) се изврши разменување на мислите, секој се запозна со положбата во другите реони.

Го помнам само тоа дека таму го утврдивме делењето на окрузи. До колку ми иде на ум, окрузите беа прв Солунскиот, втор Битолскиот, но со право што Прилеп и директно може да општи со ЦК; Скопскиот друг округ; потоа имаше Штипски округ, округ Струмица и Џумаја (а не Сер). Во Џумаја беше Тане Мурџев. Еден округ Велес и Тиквеш со право да општат директно со ЦК. Одрин го примивме за округ. Во Одрин беше поп Коцев, во Цариград беше Димитар Љапов, кој претендираше Цариград, ако не биде центар, тогаш барем самостоен и да ја врши посредничката улога меѓу Бугарија и Македонија. Се реши Цариград со Одрин да составуваат еден округ. Даме Груев не го трпеше Љапова и настојуваше да не му се дава важност, зашто ќе си имаме главоболија.

Тогаш првпат се направи обид за административно уредување на организацијата и се предвиде ред, врските на ЦК со внатрешноста да стануваат само преку окрузите и тоа преку едно лице примено главно за во округот без назначување и избор. Секој сам со својата работа беше се изложил и просто се признаваше.

Тогаш се предвиде шифра за ЦК со окрузите и шифра за окрузите, исто така и шифра меѓу ЦК и Софија. Прашањето за печатите (да има печати) беше поставено. Отпрвин остана само ЦК да има печат и со него да се потпечатуваат расписките за целата организација. Даме беше за тоа, а Пере беше против оваа централизација; тој сакаше да си има печат за Битола одделно. Таму се истакна потребата за устав и правилник. Дотогаш беше во сила еден краток правилник од неколку члена, изработен од Дамета (клетвата и др.). Тоа правилниче беше несистематско и литографирано. Се реши да се изработи еден полн правилник, устав. Кога дојдов во Софија, го изработив заедно (со Делчев), таму го напечатив и го испратив." (Спомени на Ѓорче Петров, стр. 49 - 51.)

На „Солунскиот конгрес" на Македонската револуционерна организација, Гоце Делчев и Горче Петров добиле за задача да изработат Устав на Организацијата. Тоа го сториле тие двајцата и го отпечатиле, а потоа, го испратиле по револуционерните реони, со што започнува организирано ширење на македонското револуционерно движење, кое преку Илинден и Крушевската република, потоа преку НОВ и АСНОМ, доведе до создавање на самостојна и суверена македонска држава.

Во 2007 година, 23 октомври станува државен празник, Меѓутоа, бидејќи 23 октомври се смета за ден кога е основана Внатрешната Македонска Револуционерна Организација или ВМРО, СДСМ го оспорува и сака да се укине овој државен празник сметајќи дека тоа е празник на денешната ВМРО ДПМНЕ. Но, како тие да забораваат дека без таквите идеали, организација и стекнати искуства на МРО, немаше да го има подоцна ни АСНОМ, ни македонската држава.

Имено, 23 октомври го симболизира континуитет на борбата на македонскиот народ за независна и самостојна национална држава. На тој ден се потсетуваме на сите хрбри дела на нашите претци. Тоа се дела кои ни даваат храброст да истраеме и да ги надминеме денес сите нови искушенија - оспорување на името, идентитетот.

Сепак 23 октомври е датум кој се славел, се слави и ќе го слават сите идни македонски поколенија, зошто тој е аманет на нашите претци, тоа е коренот на нашата држава. Во тоа не може да ги спречи ниту една марионетска влада.

Македонска нација

**На 27 октомври 1947 година** во Лерин е извршена смртна пресуда врз 13 Македонци од селото Герман, Леринско, обвинети за соработка со партизаните.



Патриотското друштво ,,Никола Карев,, од Македонската Православна Црква Свети Илија, Мисисага во посета на Македонската Православна Црква Свети Наум Охридски во Хамилтон.
5 -ти октомври 2023




# 416 - 750 - 8080 905 - 471- 9100

## New patients are welcome to our Dental Family

Dr. Blagoj Kozovski DDS, Dentist
Dr. Dejana Kozovski DDS, Dentist
Dr. Ljubinka Kozovski DDS,Dentist
Victor Kozovski RDT Registered Dental Technician






**LOCATIONS:**

190 Main St. N, Markham, ON Tel: 905 471 9100
(across St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church
NEW LOCATION: 1049 McNicoll Ave.
Scarborough ON, M1W 3W6 Tel: **416 - 750 - 8080**



kozovskifamilydentistry.com Kozovski Family Dentistry




**Недан Тим ви го честита Денот на Благодарноста!**
**Happy Thanksgiving!**












# WE STRIVE TO BRING THE MACEDONIAN AND CANADIAN CULTURES CLOSER TOGETHER

## Our Vision

To be recognized within the community as a home that celebrates the Macedonian culture and heritage and provides accommodations for Seniors capable of living independently.

## Our Values

We play a vital role in support of Macedonian heritage and culture. We strive to bring the Macedonian and Canadian cultures closer together. We wish to create and support community involvement. We show respect, and support the feeling of self-dignity, to all our residents. We help bring a healthy lifestyle to the individuals that reside in CMP. We support and encourage family involvement and care.
We value diversity in ethnicity.

## Our Mission

To provide quality, affordable accommodations and companionship to Seniors of all backgrounds with an
aim to encourage the vibrant Macedonian culture in the city of Toronto, Ontario and all of Canada.

## Goals

Support and celebrate the Macedonian culture
; Offer companionship to all residents; Provide quality accommodations; Provide affordable housing

## Be a Volunteer

We support High School Volunteer Credits.
Our many fundraising events welcome your volunteer time and talents!

## MACEDONIAN OPEN

The Macedonian Open is one of Canada's longest running golf tournaments and today is Canadian Macedonian Place Foundation's largest annual fund raising event.

Over the years the Macedonian Open has raised over $1,200,000 in net proceeds for the benefit of Canadian Macedonian Place and other charitable causes supported by the current registered charity, Canadian Macedonian Place Foundation.




**Experience The 80th Annual Macedonian Open Golf Tournament**
**ANGUS GLEN GOLF CLUB**
**DATE: MONDAY, JULY 8TH, 2024**







**850**
**O' Connor Drive**
**Toronto On**
**M4B 3L6**

Apartments for senior citizens 65+
Fully renovated one - bedroom suites with full kitchen
Bathroom with shower stall especially designed for seniors

Limited subsidy available, subject to eligibility Balcony or patio walk out;
Outdoor parking available
For more information please call at 416-755-9231
Zlatka Cokov or Margarita Donakovski or Snezana Jakimovska.

**Amenities**
Macedonian Place offers a lower lounge with a cozy fireplace and bar over looking the ravine. The ceiling has engraved walnut wood panels and a beautiful chandelier. There are glass display cases with traditional folk costumes and artefacts as well as trophies from the Macedonian Golf Tournament which first took place in 1942. The Front Lounge with a cozy fireplace and three wall murals depicting the life in the "old country", provides a warm and inviting place to enjoy the day.
-On the Main Floor next to the Lounge is the Entertainment Lounge/TV Room where residents watch their favourite shows or sports games. Outside, the walkways and gardens offer a lovely setting, set in an active area of East York, is within walking distance of many facilities. The TTC stops at our door.

**Nearby: Restaurants; Drug Stores;Banks;Beauty Salons;Bowling Alley;Transit Stops**

**Канадско-македонскиот дом располага со апартмани за лица над 65 години;**
**Целосно реновирани апартмани со спална, дневна, кујна, балкон и бања со туш;**
**Располагаме и со паркинг места за станарите;**
**Можете да аплицирате за намалена кирија која е ограничена и предмет на квалификација.**

**За повеќе информации јавете се кај:**
**Златка Чоков, Маргарита Донаковски или Снежана Јакимовска**

**на тел. број: 416-755-9231**

**ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com**
**MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com**
**sjakimovska@canadianmacedonianplace.com**

THE UNITED MACEDONIANS ORGANIZATION OF CANADA

FOUNDED 1959

Во чест на 11-ти октомври 1941 година,
Денот на македонското народно востание против
германските, италијанските, бугарските и
албанските наци-фашисти,
Организацијата Обединети Македонци во Канада
ќе положи венец пред споменикот на Паднатите
борци за ослободување на Македонија пред
МПЦ Св. Климент Охридски во Торонто.
Повелете сите во среда, 11 октомври, во 11:00 ч.




In honour of 11th October 1941, Day of the Macedonian people's revolution against the German, Italian, Bulgarian and Albanian Nazi-Fashists, the Organization United Macedonians Organization of Canada will place a wreath at the monument of the Fallen Fighters for the Liberation of Macedonia located in front of the MOC St. Clement of Ohrid in Toronto.

Welcome all on Wednesday, 11 October at 11:00 am.




# Прилепска Вечер

ПРИЛЕПСКО ТРАДИЦИОНАЛНО МЕНИ
ЗБОГАТЕНО СО МУЗИКА И ЛОТАРИЈА
КОНТАКТ: ИЦЕ ЈАНКУЛОВСКИ | 416 602 1062
ice_bg2000@hotmail.com

Цена 65$
Деца / Студенти 35$
Деца под 10 год - FREE
Октомври 14, 2023
6:30 PM



# СВЕТА МАЛА БОГОРОДИЦА ОД КЕМБРИЏ СО ВИСОКИ ПОЧЕТИ ГО ПРОСЛАВИ ПАТРОНИОТ ДЕН





На 21-ви септември 2023-та година нашата Македонска Православна Црква Св. Мала Богородица од Кембриџ го прослави својот патрон празник, Раѓањето на Мајката Божја.

Свечена литургија беше одржана која је водеше свештеникот на оваа црква Протопрезвитерот Гоце Деспотовски во која што беше придружен од свештениците од околните цркви, Отец Ангел Станчев, отец Стеван Груевски, отец Илија Донев, отец Сашо Целевски и отец Дане Илиевски.Во присуство на многубројни верници од цело Онтарио беше одбележан овој голем празник на Мајката Божја каде овогодинешните кумови, семејството Матески од Кичинер го подарија свечениот ручек и кумството беше предадено на семејството Митевски од Кичинер кои ќе бидат кумови следната 2024 година.



За истиот повод на 23-ти септември 2023-та год. во свечената сала на нашата сестринска црква Св.Наум Охридски од Хамилтон се одржа свечен банкет на којшто дојдоа верници и пријатели на нашата црква од Ејџекс па се до Хамилтон. Доброто расположение и веселба помеѓу сите присутни беше проследено со прекрасните македонски песни оптеани од музичката група ,,Децата од Буф,,..

На забавата беа присутни и претставници од сите околни македонски православни цркви, претседателите на управните одбори заедно со нивните свештеници.

Голема благодарнист упатувам од името на Управниот Одбор на нашата црква заедно со свештеникот Гоце Деспотовски, до сите присутни на овој настан како и до сите донатори кои редовно ја помагаат ова наша прекрасна црква посветена на Раѓањето на мајката Божја.

За многу години да ние прازникот и в'година помногубројни да го прославиме овој празник повторно.



**Претседател на Управниот Одбор на Св.Мала Богородица – Кембриџ Бранкица Кузманоска Матеска.**



# LERINSKO ORO

## SATURDAY, NOVEMBER 4, 2023, 6:30 PM

**ST. CLEMENT OF OHRID CHURCH, 76 OVERLEA BLVD., TORONTO**

**Featuring Boys from Bouf**



## $30 Per Person, Youth 16 & Under Free

**GREAT PRIZES! BRING YOUR FRIENDS AND FAMILY**


Најголемиот македонски автомобилски
парк во Канада. Јавете во COMSTOCK
кај Панде и Марко Јадилебовски
Comstock Auto Service Ltd
19652 ON-48, Mount Albert, ON L0G 1M0
(905) 473-5625
Марко
Панде


ZORAN NICESKI
B.COMM., SRS, ABR, RENE, BROKER
Over 20 Years of Selling Experience
Seller Representative Specialist (SRS)
Accredited Buyer Representative (ABR)
Real Estate Negotiating Expert (RENE)
PROVEN Selling system to achieve highest price
100% successful transaction closings
PROFESSIONAL Photography, Virtual Tours, Home Staging 1
FREE Home Evaluation
SERVING THE GTA & SURROUNDING AREAS
RE/MAX
Re/Max All Stars Realty Inc.
Brokerage, T: 905.477.0011
416.726.1595
Direct
www.niceski.com
zniceski@trebnet.com
SRS
ABR
RENE
Real Estate
NEGOTIATION EXPERT
Platinum Club Award
Hall of Fame Award
100% Club Award


MICHAEL GEORGIEV
Partner, VP of Construction
& Real Estate
CONSTRUCTION, REAL ESTATE
INSURANCE & BONDING EXPERT
michaelg@jdimi.com
647.501.2615
JONES DESLAURIERS
NAVACORD


MAK
General
Contracting
DRYWALL
FLOORING
PAINTING
TILING
PLUMBING
ELECTRICAL
DEMOLITION
EXCAVATION
DISPOSAL
CONCRETE
EXTERIOR
LANDSCAPING
FENCES
DECKS
TRIMS & MOULDING
DOORS AND WINDOWS
COMMERCIAL
RESIDENTIAL

**Подготвил Отец Сашо Целески, парохиски свештеник во МПЦ Св.Климент Охридски, Торонто**
**Macedonian Orthodox Calendar 2023 (by father Sasho Celeski)**

| 2023 | | | OCTOBER 31 Days |
|---|---|---|---|
| D | new | old | ORTHODOX CALENDAR |
| | | | 17th Sunday after Pentecost (after Elevation), Tone 8; Res. Gospel 6; on Divine Liturgy: Gal. (2, 16-20); Mk. 37 (8, 34-9,1) |
| S | 1 | 18 | **Synaxis of the Macedonian Sts.** St. Eumenius the Wonder. |
| M | 2 | 19 | St. Trophimus, martyr |
| T | 3 | 20 | St. Eustathius, Great martyr |
| W | 4 | 21 | St. Codratus,*(Apod. of Elev.)* |
| T | 5 | 22 | St. Phocas, heiromartyr; St. Jonah, prophet |
| F | 6 | 23 | Concep. of St. John, Baptist |
| S | 7 | 24 | St. Thecla, protomartyr |
| | | | 18th Sunday after Pentecost, Tone 1; Res. Gospel 7; on Divine Liturgy: 2 Cor. (9, 6-11); Lk. 17 (5, 1-11) |
| S | 8 | 25 | Venerable Euphrosyne |
| M | 9 | 26 | † **St. John the Divine, Apostle and Evangelist** |
| T | 10 | 27 | St. Callistratus, martyr; St. Aquilina, martyr |
| W | 11 | 28 | Venerable Chariton, the Conf. (Holyday of Rep. Macedonia) |
| T | 12 | 29 | Venerable Cyriacus, the Solitary |
| F | 13 | 30 | St. Gregory, the Illuminator, Bishop of Armenia |
| S | 14 | 1 | † **Protec. of Mother of God; St. John Kukuzelis** |
| | | | 19th Sunday after Pentecost, Tone 2; Res. Gospel 8; on Divine Liturgy: 2 Cor. (11, 31-12,9); Lk. 26 (6, 31-36) |
| S | 15 | 2 | St. Cyprian, hieromartyr; St. Justina |
| M | 16 | 3 | St. Dionisus, hieromartyr |
| T | 17 | 4 | St. Herotheus, hieromartyr |
| W | 18 | 5 | St. Charitina, martyr |
| T | 19 | 6 | † **St. Thomas, apostle** |
| F | 20 | 7 | Sts. Sergius and Bacchus, martyrs |
| S | 21 | 8 | Venerable Mother Pelagia, Venerable Taisa |
| | | | 20th Sunday after Pentecost, Tone 3; Res. Gospel 9; on Divine Liturgy: Gal. (1, 11-19); Lk. 30 (7, 11-16) |
| S | 22 | 9 | † **St. James Alpheus, apostle** |
| M | 23 | 10 | **St. Theophilus of Strumica**; Sts. Eulampius and Eulampia |
| T | 24 | 11 | St. Phillip, apostle |
| W | 25 | 12 | Sts. Probus, Tarachus and Andronicus, martyrs |
| T | 26 | 13 | † **St. Zlata of Meglen, martyr; Sts. Carpus and Papylus** |
| F | 27 | 14 | Ven. Mother Paraskeva (St. Petka) |
| S | 28 | 15 | Venerable Ethemius of Solun |
| | | | 21th Sunday after Pentecost, Tone 4; Res. Gospel 10; on Divine Liturgy: Gal. (2, 16-20); Lk. 35 (7, 11-16) |
| S | 29 | 16 | St. Longinus the Centurian, martyr |
| M | 30 | 17 | St. Hosea the Prophet |
| T | 31 | 18 | † **St. Luke, the Apostle and Evangelist**; St Constantin Cavasila |

| 2023 | | | ОКТОМВРИ 31 ден |
|---|---|---|---|
| Д | нов | стар | ЛИСТОПАД |
| | | | Недела 17. по Педесетница (по Воздвижение), Гл. 8; Ев. В. 6; на Литургија Апостол Гал (2, 16-20); Ев. Мк 37 (8, 34-9,1) |
| Н | 1 | 18 | Собор Макед. светители; Преп. Евмениј Чудотворец |
| П | 2 | 19 | Св.Трофим,Саватиј и Доримедонт |
| В | 3 | 20 | Св. вмч Евстатиј и Теописта |
| С | 4 | 21 | *Одд на Крстовден*; св. Кодрат |
| Ч | 5 | 22 | Св. пр. Јона; свешт-мч. Фока Синополски; св. Петар Милос. |
| П | 6 | 23 | Зачнување на св. Јован Крстител |
| С | 7 | 24 | Св. првомч-чка и рамноапостолна Текла Иконисга |
| | | | Недела 18. по Педесетница, Гл. 1; Ев. В. 7; на Литургија Апостол 2 Кор (9, 6-11); Ев. Лк 17 (5, 1-11) |
| Н | 8 | 25 | Преп. Ефросинија; преп. Сергиј Радонешки |
| П | 9 | 26 | † Упок. на св. Јован Богослов; преп. Нил Калабриски |
| В | 10 | 27 | Св. мч. Калистрат и др.; св. мч-чка Акилина |
| С | 11 | 28 | Преп. Харитон Исповедник (Востание на Р. Македонија) |
| Ч | 12 | 29 | Преп. Киријак Отшелник; св. Теофан Милостив |
| П | 13 | 30 | Св. свешт-мч. Григориј Ерменски; св. Михаил Киевски |
| С | 14 | 1 | † **Покров на Пресвета Богородица;** св. Јован Кукузел |
| | | | Недела 19. по Педесетница, Гл. 2; Ев. В. 8; на Литургија Апостол 2 Кор (11, 31-12,9); Ев. Лк 26 (6, 31-36) |
| Н | 15 | 2 | Св. Андреј Јуродив; св. свешт-мч. Кипријан и мч. Јустина |
| П | 16 | 3 | Св. свешт-мч. Дионисиј Ареопагит; преп. Јован Хозевит |
| В | 17 | 4 | Св. свешт-мч. Еротеј; преп. Амон; преп. Павле Препрост |
| С | 18 | 5 | Св. мч. Харитина; св. свешт-мч. Дионисиј Александриски |
| Ч | 19 | 6 | † Св. ап. Тома; преп. нмч. Макариј |
| П | 20 | 7 | Св. мч-ци Сергиј и Вакх; св. мч. Полихрониј |
| С | 21 | 8 | Преп. Пелагија; преп. Таиса; св. мч-чка Пелагија |
| | | | Недела 20. по Педесетница, Гл. 3; Ев. В. 9; на Литургија Апостол Гал (1, 11-19); Ев. Лк 30 (7, 11-16) |
